Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-1319/3
26.06.2023 год.
ПЕТРОВЕЦ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

**ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА**
**Урбанистички проект за село за формирање на градежна парцела со намена В3.6 – Домови на културата, комбинирани културни центри на дел од КП 527 КО Петровец, согласно Општ акт за село Петровец (Одлука бр.08-1821/1 од 19.11.2014 година), Општина Петровец**

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола,** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-1319/1 од 07.06.2023, за одобрување на Урбанистички проект за село, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), го издава следното:

**РЕШЕНИЕ**

Се одобрува **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА В3.6 – ДОМОВИ НА КУЛТУРАТА, КОМБИНИРАНИ КУЛТУРНИ ЦЕНТРИ НА ДЕЛ ОД КП 527 КО ПЕТРОВЕЦ, СОГЛАСНО ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ПЕТРОВЕЦ (ОДЛУКА БР.08-1821/1 ОД 19.11.2014 ГОДИНА), ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ,** со технички број **0801-09-05/23** од 05.2023 год. изработен од **Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола**.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот **Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола**, поднесе барање за одобрување на **Урбанистички проект за село, со техн. број 0801-09-05/23** од 06.06.2023 изработен од Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола, за изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА В3.6 – ДОМОВИ НА КУЛТУРАТА, КОМБИНИРАНИ КУЛТУРНИ ЦЕНТРИ НА ДЕЛ ОД КП 527 КО ПЕТРОВЕЦ, СОГЛАСНО ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ПЕТРОВЕЦ (ОДЛУКА БР.08-1821/1 ОД 19.11.2014 ГОДИНА), ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ, со технички број 0801-09-05/23 од 05.2023 год.**

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3.Геодетски елаборат

4.Полномошно

Општина Петровец
Управа и административни органи и тела
бр.
Петровец

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЖИВОТНА СРЕДИНА**

6.Податоци информации и мислења од релевантни институции

7.Урбанистички проект (pdf.dwg)

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр. 0801-09-05/23 може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-1319/2 од 07.06.2023 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

---

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**